Агенција за вработување на Република Македонија

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

UNDP

**„Промовирање на одржливи вработувања III и поддршка на Владата во спроведување на Оперативниот план за активни мерки на пазарот на труд за 2014"**

# ОПЕРАТИВНИ УПАТСТВА
# за
# ПРОГРАМАТА ОПШТИНСКО- КОРИСНА РАБОТА

**февруари 2014**

**СОДРЖИНА**

**1. ВОВЕД .......... 3**

**2. ЦЕЛНИ ГРУПИ .......... 3**

**3. ПРОГРАМА ОПШТИНСКО- КОРИСНА РАБОТА .......... 4**

Генерални информации за програмата Општинско -корисна работа .......... 4
Проектен циклус .......... 5
Фаза I. Промоција на програмата Општинско - корисна работа .......... 5
Фаза II. Пријавување на предлог проекти за Општинско - корисна работа .......... 6
Фаза III. Воспоставување на административна структура за отпочнување со реализација на активностите од одобрениот проект .......... 7
Фаза IV. Пријавување и селекција на крајни корисници и невработените лица .......... 7
Фаза V. Мониторинг и известување за проектот .......... 10

**ПРИЛОЗИ: .......... 12**

Прилог А- Административна структура за потребите на програмата Општинско- корисна работа .......... 12
Прилог Б- Информација до единици на локална самоуправа и Град Скопје во врска со програмата Општинско- корисна работа .......... 13
Прилог В- Критериуми за селекција на апликации за Програмата Општинско- корисна работа .......... 14
Прилог Г- Процедура за формирање Општинска комисија за следење на проектот .......... 17
Прилог 1- Информативен лист -Програма Општинско- корисна работа за невработените лица .......... 18
Прилог 2 - Апликационен формулар .......... 19
Прилог 3 - Пријава за учество во програмата Општинско- корисна работа и изјава за согласност од невработено лице .......... 25
Прилог 4- Потврда за учество во програмата Општинско- корисна работа .......... 28
Прилог 5- Месечен извештај .......... 29
Прилог 6- Барање за исплата на средства .......... 31
Прилог 7- Финален извештај .......... 33

## 1. ВОВЕД

Овој документ има за цел да обезбеди детален приказ на методологијата, активностите и чекорите што Министерството за труд и социјална политика (МТСП), Агенцијата за вработување (АВРМ), центрите за социјална работа (ЦСР), единиците за локална самоуправа (ЕЛС) и Градот Скопје, локалните институции и Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) заеднички ќе ги преземат за операционализирање на активната програма **Општинско -корисна работа (ОКР)**.

Целта на Оперативните упатства е да дадат опис на процесот преку кој ќе се изготват, поднесат, одобрат, спроведат и набљудуваат активностите предвидени со програмата Општинско -корисна работа во рамки на проектот **Промовирање на одржливи вработувања III и поддршка на Владата во спроведување на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување 2014**.

Оперативните упатства се насочени кон обезбедување транспарентност во процесот и јасен преглед за улогите и обврските на сите вклучени страни како што се: Работното тело за Програмата, Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување со своите центри за вработување, центрите за социјална работа (ЦСР), ЕЛС и Градот Скопје, локалните институции, УНДП и останатите учесници во проектните активности.

Оперативните упатства ги утврдуваат критериумите, предусловите, процедурите и постапките кои треба да се остварат за реализација на програмата.

Правилата што треба да се применуваат при секоја фаза на проектниот циклус се соодветно наведени, вклучувајќи ги и обрасците и формуларите што треба да се користат.

## 2. ЦЕЛНИ ГРУПИ

Програмата ОКР е насочена кон 3 целни групи:

1. Локалните самоуправи и/или институции на општината во чија надлежност се дејностите кои се предвидени со програмата ОКР
2. Невработени лица од евиденцијата на АВРМ кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот, а кои ќе бидат времено ангажирани за обезбедување на услугите предвидени со ОКР
3. Крајни корисници на услугите превидени со програмата за ОКР од локалната заедница. Крајни корисници може да бидат деца од претшколска возраст, стари лица, болни и изнемоштени лица, жители на рурални средини на кои им се обезбедуваат здравствени и/или образовни услуги итн. Услугите кои би ги добиле крајните корисници може да бидат: дневна грижа, здравствена заштита, медицински совет и помош, поефикасно претшколско образование. Исто така, услугите кои би ги добиле крајните корисници може да опфатат бесплатни советодавни услуги од сфера значајни за жителите на заедницата, вклучувајќи и совети од сферата на ветеринарството, земјоделието, посебно доколку се работи за рурална средина, бесплатни правни советодавни услуги, совети поврзани со катастар и катастарски процедури итн.

## 3. ПРОГРАМА ОПШТИНСКО- КОРИСНА РАБОТА

Програмата има за цел:

1. Да им помогне на жителите на територијата на локалната самоуправа, преку обезбедување на услуги од социјални сфера.
2. Да им помогне и да обезбеди социјална вклученост на лицата кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот преку работно ангажирање со скратено работно време заради стекнување на одредени вештини и нивно постепено вклучување на пазар на труд.
3. Да ја зголеми понудата на социјалните услуги согласно потребите на населението во надлежност на локалната самоуправа.

***Генерални информации за програмата Општинско -корисна работа***

Во општините постојат различни категории на социјално чувствителни лица, лица од социјално загрозени семејства и др., кои се наоѓаат на маргините на општеството без нивна вина. Со процесот на децентрализација, локалната самоуправа ја презеде надлежноста во сферата на социјалните услуги. Во отсуство на недоволни финансиски и институционални капацитети, голем број од ЕЛС, сеуште не изградија соодветен систем на поддршка и грижа за социјалните потреби на ранливите лица. Со оваа програма се прават напори за градење на систем кој би обезбедувал вакви услуги на локално ниво и кој би придонел кон охрабрување и постепено вклучување на невработените лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на труд.

Активностите кои се опфаќаат со програмата Општинско -корисна работа вклучуваат, но не ограничуваат:

- обезбедување/ надополнување на одделни услуги (здравствени услуги, грижа за стари лица, деца на претшколска возраст)
- поголема грижа за животната средина (информирање на жителите за придобивките од користење соодветни препрати за заштита на земјоделските/ овоштарските култури, информирање за придобивките од соодветно користење на водните ресурси итн.)
- надополнување на човечкиот капитал во одделни институции/ организации (при воведување на нов систем со давање дополнителни информации, помош при аплицирање, доставување документација, комплетирање на документи итн.)
- развој на општината и друго (информирање за нови методи, нови планови, развојни стратегии помеѓу жителите на општината)

Програмите за општинско -корисна работа се наменети да обезбедат социјална вклученост преку работно ангажирање со скратено работно време за невработени лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот заради стекнување на одредени вештини и нивно постепено вклучување на пазарот на труд.

Со оваа програма се планира да бидат опфатени невработени лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот со нивно ангажирање на локално ниво согласно потребите на граѓаните од локалната заедница.

Невработените лица ќе се ангажираат со скратено работно време (20 работни часа неделно) во период од 6 месеци. Лицата кои ќе бидат ангажирани преку оваа програма, ќе обезбедуваат услуги за потребите на граѓаните од локалната заедница, истовремено стекнувајќи работно искуство и професионални вештини кои во иднина ќе ја зголеми нивната вработливост.

Месечниот надомест ќе изнесува 6.000,00 денари за лице, со вклучени персонален данок на доход и осигурување од случај на несреќа при работа и професионално заболување. Реализацијата на програмата ќе овозможи зголемување на бројот на услуги кои ги обезбедуваат општините, а за кои што имаат обврски согласно актите на локалната самоуправа и кои се помалку застапени или воопшто не се практикуваат, пред се во помалите општини.

***Проектен циклус***

Реализацијата на програмата Општинско -корисна работа, ќе се спроведува низ пет главни фази, и тоа:

I. Промоција на програмата Општинско - корисна работа
II. Пријавување на предлог проекти за Општинско - корисна работа
III. Воспоставување на административна структура за отпочнување со реализација на активностите од одобрениот проект
IV. Пријавување и селекција на крајни корисници и невработените лица
V. Мониторинг и известување за проектот

Спроведувањето на фазите, ќе се одвива преку следните чекори:

***Фаза I. Промоција на програмата Општинско - корисна работа***

**Чекор 1. Повик за учество**
*(Време на постапување: 28.01.-19.02.2014)*

УНДП во соработка со ЗЕЛС испраќа допис (Прилог Б) до ЕЛС и Градот Скопје и локалните институции кои се заинтересирани да реализираат активности согласно програмата Општинско -корисна работа со информации за информативните средби на кои ЕЛС и Градот Скопје и локалните институции можат подетално да се запознаат со програмата како и да добијат информации за потребната документација.

**Чекор 2. Информативни средби**
*(Време на постапување: 11- 26.02.2014)*

УНДП ќе организира информативни средби со претставниците на ЕЛС и Градот Скопје и локалните институции за времетраењето на повикот за учество за запознавање на општините и локалните институции со целите на програмата и идентификување на потребите на локално и регионално ниво. Информативните средби се организираат на ниво на региони, со цел подобра информираност на општините – потенцијални апликанти. Информативните средби не се задолжителни. Во предвидениот рок утврден со Работниот план заинтересираните ЕЛС и Градот Скопје и локалните институции треба да доставуваат програма со активности за Општинско -корисна работа, согласно форматот предвиден со Апликациониот формулар (Прилог 2).
Исто така, информативните средби ќе се искористат за појаснување на поимот „општинско - корисна работа“, што во голема мера треба да придонесе кон соодветно дефинирање на активностите од страна на ЕЛС и Градот Скопје и локалните институции, како и определување на максималниот број на невработени лица кои може да се опфатат и кои може работно да се ангажираат (максималниот број на лица кои може да се поддржат на ниво на предлог проект е 10 лица). Место на одржување на информативните средби ќе биде дополнително дефинирано согласно интересот искажан од страна на ЕЛС и Градот Скопје.

### Чекор 3. Организирање на работни состаноци

*(Време на постапување: 24.02-14.03.2014)*

Додека повикот е сеуште отворен, на барање на одделни ЕЛС и Градот Скопје и локалните институции предвидени се и работни состаноци со цел добивање дополнителна помош и поддршка во фазата на подготовка на потребните документи за поднесување на предлог програма.

## ***Фаза II. Пријавување на предлог проекти за Општинско - корисна работа***

### Чекор 4. Подготовка на програма за ОКР

*(Време на постапување: 20.02.-21.03.2014)*

ЕЛС и Градот Скопје изготвуваат програма со активности, при што потребно е да го наведат и крајниот корисник на програмата, кои се потребите на крајните корисниците врз основа на што ќе се дефинираат работните задачи и дали е извршена анализа/ истражување на потенцијалните корисници за проценка на нивните потреби и спремноста за учество во програмата.

Воедно, заедно со надлежните центри за вработување, ЕЛС и Градот Скопје прават анализа на профилот на невработени лица во општината согласно предвидените целни групи на невработени лица кои се планира да се опфатат со програмата. Анализата со податоците за целната група невработени лица кои се планира да се вклучат во програмата се доставува заедно со Апликационот формулар.

Во предлог програмите за Општинско -корисна работа, кои се пополнуваат согласно образецот Апликационен формулар (Прилог 2), општините треба да ги опфатат следните содржини:

1. Цели на програмата
2. Целна група на крајни корисници на програмата за ОКР на локално ниво
3. Постапка и критериуми за вклучување на лица крајни корисници на програмата ОКР
4. Профил на лицата даватели на услуга и постапка и критериуми за избор на невработените лица согласно потребните квалификации и занимање
5. Методологија и програма за обука на невработените лица
6. Одржливост на програмата по завршување на програмата
7. Време на спроведување на програмата
8. Утврдување на индикатори и следење на активностите за време на реализација на ОКР
9. Буџет за реализација на предвидените активности и висината на сопственото учество.

### Чекор 5. Поднесување на програма за ОКР

*(Време на постапување: 20.02-21.03.2014)*

Програмите за ОКР од страна на ЕЛС и Градот Скопје се доставуваат до УНДП – Програма **Промовирање на одржливи вработувања III**, до предвидениот датум во повикот за учество во електронска (e-mail) и печатена форма.

### Чекор 6. Евалуација и селекција на програма за ОКР

*(Време на постапување: 24-31.03.2014)*

Согласно воспоставените критериуми за селекција (Прилог В), ќе се изврши избор на најквалитетните апликации доставени од страна на ЕЛС и Градот Скопје. Селекцијата ја спроведува Работното тело, составено од претставници на МТСП, АВРМ и УНДП (види Прилог А) .

По спроведената селекција се испраќа известување до ЕЛС и Градот Скопје за резултатите од селекција на предлог програмите за ОКР.

***<u>Фаза III. Воспоставување на административна структура за отпочнување со реализација на активностите од одобрениот проект</u>***

**Чекор 7. Потпишување на договор**
*(Време на постапување: 01-09.04.2014)*

По објавување на резултатите од спроведениот избор на најсоодветни и најодржливи проекти за ОКР доставени од страна на ЕЛС и Градот Скопје се пристапува кон потпишување на договорот помеѓу работодавачот и УНДП.
Договорот се склучува помеѓу работодавачот (ЕЛС и Градот Скопје) и УНДП за исплата на предвидениот износ на средства. Овој договор го подготвува УНДП според правилата на организацијата. Во истиот се опишуваат правата и обврските на УНДП и општината како и висината на финансискиот и не- финансискиот придонес за реализација на активностите.
Договорот се потпишува во два примерока, на македонски и англиски јазик, по еден за договорните страни. Копија од договорот се доставува до соодветниот Центар за вработување.
По потпишувањето на договорите, се организира средба со општините чии програми за ОКР се селектирани, а на која општините се информираат подетално за активностите и процесот на реализација на програмата ОКР.

**Чекор 8. Воспоставување на организациска структура на општинско ниво**
*(Време на постапување: 07-11.04.2014)*

Откако ќе се селектираат општините и програмите кои ќе бидат одобрени, Општинскиот проектен координатор ги координира активностите за формирање на Општинска комисијата за следење на проектот според упатствата дадени во Прилог Г.
Информација за членовите на Општинска комисијата за следење на проектот, се доставуваат до Работното тело.

**Чекор 9. Имплементацијата на проектот**
*(Време на постапување: 01.04-31.11.2014)*

Имплементација на проектот на општинско ниво започнува со информативни средби на општините со центрите за социјална работа, ромски информативни центри (РИЦ), невладините организации (НВОи) и др., со цел организирање на настани/ средби за поголема информираност на локалното население и ранливите групи во врска со одобрената програма за ОКР, а во согласност со Планот за промоција доставен со Апликациониот формулар.

***<u>Фаза IV. Пријавување и селекција на крајни корисници и невработените лица</u>***

**Чекор 10. Промоција, пријавување, селекција на крајните корисници на услугите**
*(Време на постапување: 14-25.04.2014)*

Согласно добиените упатства од страна на Работното тело во општините чии програми за ОКР се селектирани за поддршка, Општинската комисија за следење на проектот пристапува кон реализација на активностите предвидени со Планот за промоција на активностите кои се опфатени со програмата за ОКР. Планот за промоција може да опфати настапи во медиуми, средби по месните заедници во општината, средби со НВОи итн. Воедно, Општинската комисија за следење на проектот подготвува информација, која ја објавува на видни места во

општината и ја огласува во локалните медиуми, со детали околу начинот на пријавување на заинтересираните крајни корисници на услугите опфатени со програмата за ОКР на општината, условите за добивање на услугите, начинот на кој ќе се реализира селекцијата на крајните корисници и невработените лица итн.

За сите преземени активности во оваа фаза Општинскиот проектен координатор се координира со Работното тело.

**Чекор 11. Подготовка и објавување на оглас за невработени лица и искажување на интерес на страна на невработените лица**

*(Време на постапување: 14-23.04.2014)*

По добивањето на упатства од страна на Работното тело, Општинската комисија за следење на проектот подготвува оглас за работно ангажирање на невработени лица (активни баратели на работа, евидентирани во центрите за вработување пред објавување на огласот) кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот. Програмите за Општинско - корисна работа како и огласот до невработените лица, општините не треба да ги ограничуваат само на една одредена група невработени лица од ранливите категории, туку тие треба да бидат отворени за сите невработени лица од тие категории.

Огласот се објавува на огласната табла на Центарот за вработување, меѓуопштинскиот центар за социјална работа, во општината и на други соодветни места по потреба (месни канцеларии, канцеларии на ЛЕР, РИЦ, НВО и др). Центрите за социјална работа имаат задача да ги анимираат невработените лица од ранливите категории за пројавување интерес во програмата.

Времетраењето на јавниот оглас е 10 дена.

За време на јавниот оглас се организираат претходно договорените информативни средби со центрите за социјална работа, со претставниците на ЕЛС и Градот Скопје, Ромски информативни центри (доколку го има), невладините организации и други со цел поголема информираност на невработените лица кои се една од целните групи на програмата Општинско- корисна работа.

Заинтересираните невработени лица на средбите дополнително ќе добијат и *Информативен лист* (Прилог 1) кој ги содржи сите потребни информации за Програмата. Информативниот лист даден во прилог на овие Оперативни упатства е формат, кој општините може да го модификуваат согласно спецификите на нивната одобрена програма за ОКР.

Пријавувањето на невработени лица ќе се реализира во центрите за вработување во селектираните ЕЛС и Градот Скопје каде има одобрена програма со активности за општинско- корисна работа. Заинтересираното невработено лице пополнува Пријава за учество во програмата за ОКР и Изјава за согласност од невработеното лице (Прилог 3).

За да им се олесни пријавувањето на заинтересираните невработени лица во општини кои немаат центар за вработување, Општинскиот проектен координатор изготвува список на потенцијални апликанти заради проверка на нивниот статус во АВРМ. Потоа, членот на Општинската комисија за следење на проектот од Центарот за вработување се упатува во општината, на претходно договорен датум на организирана средба со заинтересирани лица за нивно подетално информирање и поднесување апликација.

При тоа, во оваа фаза се преземаат активности од страна на општината преку Општинскиот проектен координатор со кои се потврдува социјалниот статус на потенцијални кандидати,

во директна соработка со центрите за социјална работа, РИЦ -овите, НВОи итн. во зависност од расположивоста на овие организации на терен и во зависност од целната група на невработени лица.

## Чекор 12. Селекција на пријавените лица

*(Време на постапување: 24-30.04.2014)*

По утврдување на квалификациите, вештините, знаењата и подготвеноста за работа на сите пријавени невработени лица се пристапува кон изготвување на листа на најсоодветни кандидати. Првичниот избор го прави Општинската комисијата за следење на проектот во тесна соработка со локалната самоуправа. Листата со најсоодветни лица се испраќа на верификација до Работното тело задолжено за имплементација на оваа програма. По добивањето на верификацијата, општината ја носи конечната одлука за избор.
По завршениот избор и по одобрениот датум за отпочнување на работните активности од страна на УНДП се пристапува кон склучување на договор за работно ангажирање на избраните лица.
Список со избраните лица се доставува до УНДП со копија од договорите помеѓу општината (работодавецот) и невработеното лице. Заедно со овие документи се доставуваат копии од записниците од одржаните информативни средби и од состаноците на Комисијата за следење на проектот. Исто така, се доставува и копија од решението за избор на лица.

Доколку се случи во текот на реализацијата на програмата ОКР на локално ниво, некое од селектираните лица ангажирани за потребите на програмата да се откаже истото може да биде заменето од друго лице кое поднело апликација за времетраење на огласот. Доколку нема лице од тој профил пријавено за времетраењето на јавниот оглас АВРМ-ЦВ врши посредување од евиденцијата на невработени лица на АВРМ при што приоритет ќе имаат лицата наведени како целна група во апликацијата на селектираните ЕЛС и Градот Скопје. И за овие лица се изготвува решение за избор и се доставува информација до УНДП и Работното тело.

## Чекор 13. Склучување на договор за работно ангажирање

*(Време на постапување: 28-30.04.2014)*

По изборот на невработени лица се склучуваат договори за работно ангажирање со скратено работно време од 20 часа седмично и обезбедување на финансиски неповратни средства. Месечниот износ за ангажманот изнесува 6,000.00 денари за лице со вклучен персонален данок на доход и осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување.

Договорот се склучува помеѓу работодавачот и избраните невработени лица кои потпишува договор за работно ангажирање.

По завршувањето на договорот и работното ангажирање на избраните невработени лица, работодавачот (општината) им доделува потврда на сите невработени лица во која се наведува периодот на ангажман и обврските кои ангажманот ги опфаќал. Оваа потврда се врачува во рок од 10 дена по завршувањето на работниот ангажман (види Прилог 4).
Лицата по добивањето на потврдата се советуваат да се упатат во соодветниот надлежен центар за вработување за внесување на новите информации во нивното лично досие.

**Чекор 14. Исплатата на месечниот надоместок**
*(Време на постапување: 01.05 – 31.10. 2014)*

Врз основа на договорот склучен помеѓу општината и УНДП, УНДП ќе врши редовна месечна исплата за период од 6 месеци, колку трае ангажманот на лицата во оваа програма. Месечниот надоместок, ќе се исплати по претходно доставено барање за исплата за бројот на лицата за кои треба да се обезбеди месечен надоместок.
Исплатата се реализира врз основа на доставено барање од страна на работодавачот (општината) за потребните средства (види Прилог 6)

Барањето се доставува во рок од 5 работни дена по истекот на месецот за кој се побаруваат средствата. Оваа активност се повторува секој месец. Барањето се доставува од страна на Општинскиот проектен координатор до УНДП.

Исплата на средства на лицата се врши на месечна основа веднаш по добивањето на средствата од страна на општината. Општинскиот проектен координатор е одговорен за овој чекор при што ги има во предвид присуството на лицата и исполнувањето на работните обврски.

По извршената исплата заедно со барањето за следната исплата Општинскиот проектен координатор до УНДП доставува и копија- доказ за исплатените средства и листа за присуство на лицата во месецот за кој се врши исплатата.

## Фаза V. *Мониторинг и известување за проектот*

**Чекор 15. Мониторинг**
*(Време на постапување: континуирано и до 10 дена по завршувањето на проектните активности за ОКР)*

Мониторинг на проектот се врши на три нивоа:

Општинскиот проектен координатор (ОПК) го следи проектот и активностите на дневна основа. Во овие активности, ОПК активно го вклучува претставникот на центарот за вработување, а во некои случаи и претставник од центарот за социјална работа, РИЦ-овите, НВОи и слично.

Одговорното или назначеното лице од УНДП врши повремено следење на реализацијата на проектот и е во тесна комуникација со Општинскиот проектен координатор.

Општинската комисијата за следење на проектот се состанува по потреба и го набљудува напредокот на проектот. Членовите на Комисијата добиваат периодична информации од страна на Општинскиот проектен координатор.

**Чекор 16. Известување**
*(Време на постапување: 01.05 -10.11. 2014)*

**Месечни извештаи**
Општинскиот проектен координатор подготвува месечни извештаи за напредокот на проектот. Во месечниот извештај се опфатени сите аспекти на реализацијата на проектот вклучувајќи ги и отстапувањата и појавените проблеми. Месечниот извештај се доставува заедно со барањето на исплата во рок од 5 дена по истекот на периодот од интерес (Прилог 5)

Месечните извештаите од страна на општината се испраќаат во електронска верзија до УНДП, а копија од извештаите се доставува и до Центарот за вработување.

**Финален извештај**

По завршетокот на програмата во рок од 10 дена Општинскиот проектен координатор изготвува Финален извештај (Прилог 7).

Извештаите од страна на општината се испраќаат во електронска и печатена верзија до УНДП, а копија од извештаите се доставува и до Центарот за вработување.

## Чекор 17. Завршување и одржливост на проектот

*(Време на постапување: 01-20.11. 2014)*

Во завршната фаза од проектот Општинскиот проектен координатор изготвува план за одржливоста на проектот кој го одобрува општината, а копија од планот доставува до УНДП (одлука на совет, предвидување на средства во буџет...).

## ПРИЛОЗИ:

**Прилог А - Административна структура за потребите на програмата Општинско- корисна работа**

Програмата ќе се спроведува од страна на УНДП, МТСП, АВРМ и единици за локална самоуправа, локални институции.

Надлежно тело за реализација на програмата Општинско- корисна работа е Работното тело (РТ) за чии состав се номинира член и заменик член од:

- Министерството за труд и социјална политика (МТСП)
- Агенцијата за вработување (АВРМ)
- Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП)

Работата на ова РТ ќе биде административно и технички поддржана од УНДП.

Специфични должности и надлежности на Работното тело се:

- Има улога на советодавно тело при имплементација на програмата,
- Предлага и усвојува критериуми за селекција на предлог програмите на ЕЛС и Градот Скопје,
- Врши селекција на доставените предлог програми од страна на ЕЛС и Градот Скопје,
- Го потврдува составот на општинските комисии за следење на проектот,
- Го верификува списокот на најсоодветни кандидати кои би биле работно ангажирани во програмата за ОКР,
- Врши редовна размена на информации за активностите кои се во надлежност на секоја од застапените институции со цел навремено спроведување на активностите предвидени со програмата,
- Дискутира и дава предлози за одредени застои, проблеми и непредвидени ситуации,
- Врши следење на напредокот на програмата според фазите и чекорите и осигурува дека активностите преминуваат од еден во друг чекор без проблеми.

**Прилог Б- Информација до единици на локална самоуправа и Град Скопје во врска со програмата Општинско- корисна работа**



## Прилог В- Критериуми за селекција на апликации за Програмата Општинско- корисна работа

| КРИТЕРИУМИ ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА АПЛИКАЦИИ ЗА ПРОГРАМАТА ОПШТИНСКО- КОРИСНА РАБОТА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| **Ред. бр.** | **Критериуми** | **Бодови** | | |
| **1. АДМИНИСТРАТИВНА ПРОВЕРКА И ОТВОРАЊЕ НА АПЛИКАЦИЈАТА** | | | **ДА** | **НЕ** |
| 1.1 | Рокот за поднесување на апликацијата е почитуван | | | |
| 1.2 | Формуларот за аплицирање е целосно и прописно пополнет | | | |
| 1.3 | Број на побарани работници не надминува 10 лица | | | |
| 1.4 | Број на побарани работници изнесува: _________________ | | | |
| | | | | |
| **2.КАПАЦИТЕТИ НА ЕЛС И/ИЛИ ГРАД СКОПЈЕ** | | **5 поени** | **3 поени** | **1 поен** |
| 2.1 | Општината има искуство во реализација на проекти | 3 или повеќе проекти | 1-3 проекти | општината нема искуство |
| 2.2 | Човечки ресурси, технички капацитети и финансиска стабилност на учесниците (партнерите) во програмата ОКР | Сите партнери имаа постојано вработен кадар, добри технички капацитети и финансиска стабилност | Само општината има постојано вработен кадар, добри технички капацитети и финансиска стабилност, но не и останатите партнери | Општината има мал број на вработени, партнери со задоволителни капацитет |
| **3. РЕЛЕВАНТНОСТА НА ПРЕДЛОГОТ (АПЛИКАЦИЈАТА), ВЛИЈАНИЕТО НА ПРЕДЛОГОТ ВРЗ ЗАЕДНИЦАТА И СОЦИО- ЕКОНОМСКИОТ СТАТУС НА КРАЈНИТЕ КОРИСНИЦИ** | | **5 поени** | **3 поени** | **1 поен** |
| 3.1 | Колку е релевантен предлогот (апликацијата) на целите и приоритетите на програмата Општинско- корисна работа? | Предлогот е релевантен на целите и приоритетите на Програмата | Предлогот е парцијално релевантен на целите и приоритетите на Програмата | Предлогот е парцијално релевантен со некои од целите и приоритетите на Програмата |
| 3.2 | Степен на иновативност на предложената идеја | Идејата нуди иновативни елементи | Идејата нуди делумно иновативни елементи | Идејата е реплицрачка |
| 3.3 | Дали потребите на крајните корисници се јасно дефинирани и дали со предлогот се адресираат истите соодветно? | Потребите на крајните корисници се јасно дефинирани преку претходно спроведена анализа на нивните потреби и истите се соодветно адресирани | Потребите на крајните корисници се парцијално дефинирани и истите се соодветно адресирани | Потребите на крајните корисници не се доволно јасно дефинирани и адресирани |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
